ORIGINAL RESEARCH PAPER

***Mirjana Najchevska, PhD***
Institute for Sociological, Political and Juridical Research,
University "Ss. Ciryl and Methodius" in Skopje
najce2000@yahoo.com

# THE PUBLIC OPINION SURVEY – 55 YEARS OF RESEARCH EXPERIENCE OF THE INSTITUTE FOR SOCIOLOGICAL, POLITICAL AND JURIDICAL RESEARCH

# ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ – 55 ГОДИНИ ИСТРАЖУВАЧКО ИСКУСТВО НА ИНСТИТУТОТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА

**Abstract**

The "voice" of the citizen(s) ought to be heard in the processes of decision making; on national level there are several means / institutes supposed to procure that. Public opinion is only one among many of the means / ways of expressing opinion.

In Macedonia there is a several decades of history of scientific research of the public opinion, while the Institute for Sociological, Political and Juridical Research (hereinafter: ISPJR), as higher educational and university institution, is one of the first institutions applying this research – since 1972.

Parallel to the data base, the Institute has been building a corpus of methodological techniques, instruments, procedures researching public opinion, thus creating collective experience conveyed and improved by several generations of scientists and experts.

Unfortunately, in the last years there is growing lack of interest on the side of the State in taking advantage of the ISPJR capacities in the area of researching the public opinion, followed by lack of any sort of support in the meaning of securing regular financing for periodical survey of the public opinion.

This lack of interest of the State for supporting such a project and taking advantage of the data acquired by surveying and analyzing the public opinion is even by itself rather concerning and indicative.

***Keywords:*** Public opinion survey, voice of the citizen, ISPJR, Republic of North Macedonia

## ВОВЕД

Еден од суштинските елементи на демократијата е власта да се интересира за мислењето и за ставовите на граѓаните и да сака да ги слушне/разбере нивните пораки. Јавното мислење се поврзува со политичката култура[1], со влијанието кое може да го оствари врз политичкото одлучување[2] и со потребата од давање гласност на јавноста[3]. Во секој случај се идентификува како значајна и потребна алатка на демократијата.

Како поим се профилира во политичката мисла во периодот меѓу 17 и 18 век.[4] Уште во 18 век почнуваат да се формулираат теории според кои јавното мислење е корисен контролен механизам на авторитетот на тие кои се на власт и кои управуваат со државата. (На пример: Jeremy Bentham,1748–1832).[5]

Во анализата не навлегуваме во дефинирањето на поимот на јавното мислење (за што постојат многу различни мислења и теориски несогласувања),[6] а ќе користиме една од најсимплификуваните дефиниции која го определува јавното мислење како “ Заеднички преференци на луѓето за работи кои се однесуваат на власта и политиките“.

Современата демократска држава воспоставува различни и многубројни канали низ кои ја остварува комуникацијата со граѓаните со цел идентификување на нивните потреби и интереси, детектирање на незадоволството и идентификување на најдобрите развојни правци. Јавното вреднување, како суштински елемент во делувањето на државата, повторно добива во значење и актуелност.[7]

Партиципативната демократија како збир од повеќе елементи (искажување на мислењето, влијание врз процесите на одлучување, видливи промени кои соодветствуваат на искажаното мислење и контрола на формалниот доносител на одлуката) е втемелена во поимањето на современата демократска држава.[8] Меѓутоа, во моментот не постојат обврзувачки меѓународни документи кои би обезбедиле властите во конкретна држава да ги вклучуваат граѓаните во процесите на одлучување.

“Гласот“ на граѓанинот (граѓаните) треба да биде слушнат во процесите на одлучување и на национално ниво постојат повеќе алатки/институти кои би требало да го обезбедат ова. Јавното мислење е само една од овие алатки/начини за искажување на мислењето и воспоставување на врска меѓу искажаното мислење и актуелните случувања/политики/законски решенија.

---

1 Robert S. Erikson, John P. McIver and Gerald C. Wright, Jr. (1987), State Political Culture and Public Opinion, Science Review Vol. 81, No. 3 (Sep., 1987), pp. 797-814

2 Paul Burstein, (2003), The Impact of Public Opinion on Public Policy: A Review and an Agenda, Political Research Quarterly, Volume: 56 issue: 1, page(s): 29-40, March 1, 2003

3 Stacy G. Ulbig, (2008), Voice is Not Enough: The Importance of Influence in Political Trust and Policy Assessments, Public Opinion Quarterly, Volume 72, Issue 3, Fall 2008, Pages 523–539

4 Vincent Price, (2007), History, Philosophy of Public Opinion and Public Opinion Research, https://uk.sagepub.com/sites/default/files/upm-assets/19016_book_item_19016.pdf

5 The Works of Jeremy Bentham, Volume 9, Constitutional Code, стр. 158

6 https://www.oxfordreference.com/view/10.1093/oi/authority.20110803100353599

7 Tina Nabatchi, Putting the “Public” Back in Public Values Research: Designing Participation to Identify and Respond to Values, Public Administration Review Volume 72, Issue 5, pages 699–708, September/October 2012

8 Carole Pateman (2012). Participatory Democracy Revisited. Perspectives on Politics, 10, pp 7-19. doi:10.1017/S1537592711004877.

Според Светското здружение за истражување на јавното мислење[9], јавното мислење е критичка сила која што го обликува и го преобразува општеството. Според ова здружение, основна цел на овој вид истражувања е да се овозможи да биде слушнат гласот на индивидуите, на граѓаните, на групите и заедниците. Истражувањето на јавното мислење треба, пред сѐ, да го подобри донесувањето на одлуките (како на централно, така и на локално ниво).

Власта која не сака ни да го слушне мислењето на граѓаните, која не ја интересираат нивните ставови и која избегнува секаков облик на критика, не го поддржува систематското и научно сондирање на јавното мислење.

По природата на нештата демократските процеси ги поттикнуваат граѓаните да формираат мислења за различни нешта. Скоро секоја област која е опфатена со активностите на извршната или законодавната власт може да биде предмет на јавното мислење (пред нешто да биде направено, во текот на одредена активност или откако нешто ќе биде направено). Зависно од демократскиот систем, јавното мислење може но не мора да изврши влијание врз деталите на поголем број од политиките на државата, меѓутоа, во секој случај тоа треба да ги постави границите во рамките на кои треба да делуваат политичарите, односно да предупреди кога овие рамки не се почитуваат.

Во тоталитарните држави, може да се случи многу луѓе да имаат спротивно мислење од она на власта и да се спротиставуваат на политиките на власт, меѓутоа да се плашат да го изразат ова дури и во најтесните кругови. Во такви случаи многу ретко може да се добие јавно мислење кое е спротивно на она на власта. Најчест начин на камуфлирање на вистинското мислење е со давање социјално посакувани одговори кои потоа имаат повеќе пропагандна отколку било каква друга функција.[10]

Властите кои сериозно настојуваат општеството да функционира како демократско, имаат и многу сериозен пристап кон истражувањето на јавното мислење, како една од алатките во остварувањето на доброто владеење.

Според канадската влада, на пример: истражувањето на јавното мислење е активност за анализа која подразбира планско собирање податоци, мислења, перцепции, однесувања, ставови, чувства, идеи, реакции, од било која целна група со помош на истражувачки алатки.[11]

Норвешката влада практикува редовно испитување на јавното мислење и ги споделува податоците со централната и локалната власт[12], додека пак во Швајцарија истражувањето на јавното мислење се третира како рамноправен институт со сите останати институти на непосредната демократија.[13]

9 http://wapor.org/constitution/

10 https://www.gesis.org/fileadmin/upload/SDMwiki/BognerLandrockResponseBiasesinStandardisedSurveys.pdf

11 https://www.canada.ca/en/revenue-agency/services/about-canada-revenue-agency-cra/public-opinion-research-executive-summaries.html

12 https://www.opengovpartnership.org/members/norway/commitments/NO0022/

13 https://www.admin.ch/gov/en/start/documentation/media-releases.msg-id-5829.html

Јавното мислење се истражува и од страна на[14] на ЕУ и постепено станува значајна компонента во процесите на одлучување.

## ИСТОРИЈАТ И ИСКУСТВА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО НА ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ ВО РАМКИТЕ НА ИСППИ

Во Македонија има повеќедецинска историја на научно истражување на јавното мислење, а Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања (понатаму во текстот – ИСППИ), како високонаучна и универзитетска институција, е една од првите институции која го изведува ова истражување (од 1972 година).

ИСППИ е формиран од страна на Владата на тогашната Социјалистичка Република Македонија во 1965 година, како самостојна научно-истражувачка институција која, покрај научниот, ќе има и општествено-апликативен ангажман. Голем дел од истражувањата кои се прават во периодот од формирањето на ИСППИ до осамостојувањето на Република Македонија, се поврзани со потребите и барањата на тогашната структура на управување (на макро или микро план).

Во периодот од над четириесет години во Институтот е создадена импозантна база на податоци за ставовите и мислењата на граѓаните за најразлични прашања поврзани со одлуките кои се носат на централно и локално ниво, политичките движења и ситуации, проблеми со кои се соочуваат индивидуите и заедниците во Република Македонија, потреби и интереси на граѓаните и критички ставови за начинот на нивното задоволување.

Покрај самата база на податоци, во Институтот е изграден и корпус од методолошки техники, алатки, процедури за истражување на јавното мислење и создадено е колективно искуство кое се пренесува и надградува од повеќе генерации на научни и стручни работници.

Истражувањата на јавното мислење се изведуваат како самостојни истражувања за конкретни теми (иницирани од самите научни работници), како составен дел на пошироките истражувачки проекти и програми кои се изведуваат со цел трасирање на патот на одредени општествени промени, иницирање или потврда на одредени политики на државата и како дел од идејата/обидот за развој на партиципативната демократија во СФРЈ и во СРМ во седумдесеттите години на минатиот век.[15]

Истражувањето на јавното мислење во рамките на ИСППИ, може да се проследи како посебен случај на континуиран развој на идејата за искористување на овој вид истражувања во креирањето или барем, поткрепата на политиките на државата, и како начин на соработка на државните и научните институции.

ИСППИ започнува со истражување на јавното мислење (1972 година) со изведување на  неколку тематски сондажи на јавното мислење и градуално

14 https://ec.europa.eu/commfrontoffice/publicopinion/archives/eb/eb70/eb70_fyrom_nat.pdf

15 Leonardson G., Mircev D., (1979),  A Structure for Participatory Democracy in the Local Community: The Yugoslav Constitution of 1974, Comparative Politics Vol. 11, No. 2 (Jan., 1979), City University of New York, pp. 189-203

формулирање на посебна методологија со цел натамошен систематски пристап кон овој вид истражувања.

ИСППИ за прв пат го истражува јавното мислење како систематско испитување (воспоставувајки го на ниво на годишна сондажа на мислењата и ставовите на граѓаните) во 1974 година. Од 1974 година се до 2014 година, ова истражување се спроведува на годишно ниво (со неколку помали прекини). Во секое од истражувањата (сондажите) на јавното мислење се вклучуваат поголем број научни и стручни работници од ИСППИ и од други научно-истражувачки и високообразовни установи. Дел од нив го сочинуваат константното јадро на истражувањето (пред сè, поврзани со изработката и развојот на истражувачката методологија), а дел се поврзани со конкретните теми кои се опфаќаат во одделни години.

Според истражувачките извештаи, првата сондажа на јавното мислење е направена “... по пат на стандардизиран прашалник на 1062 испитаника кои се избрани со примена на двостепен стратификуван примерок...“.[16] Самите извештаи детално ја објаснуваат користената методологија, ги даваат границите на веродостојноста на податоците и ги анализираат добиените податоци на ниво на дескрипција (а во останатите истражувања кои се поврзани со овие податоци и на ниво на квалитативна анализа).

Во првата публикација објавена во 1975 година дадено е опширно образложение за теоретскиот пристап и за поимот јавно мисење, кое се покрива со дефиницијата “јавното мислење ги опфаќа ставовите и мислењата на поголем дел од населението за општествено важни прашања и тоа ставови и мислења што луѓето се спремни отворено да ги изнесат“. Апликативната вредност на истражувањето, генерално е одредена со тоа што е дефиниран став дека сондажите на јавното мислење се прават со цел да им се овозможи на различни институции и организации да ги дознаат мислењата и ставовите на граѓаните (што може да се искористи за адресирање на актуелни и акутни проблеми), како и за подолгорочно следење на одредени прашања со цел градење на долгорочни политики и стратегии.

До 1995 година истражувањето на јавното мислење е дел од редовната програма на ИСППИ која е финансирана со буџетски средства (преку Министерството за образование и наука). Во овој период, најголеми корисници на податоците и анализите добиени со сондажата на јавното мислење се органите на централната власт и локалната самоуправа, синдикатите, специфични државни институции во доменот на конкретни прашања и други високообразовни и научни институции.

Од 1995 година, јавното мислење станува истражувачки проект кој се изведува по нарачка на надворешни нарачатели и најчесто е тематски фокусирано на потесна област (од интерес за конкретен нарачател).

Треба да се одбележи дека во досегашната историја на истражување на јавното мислење во ИСППИ, во ниту еден момент, владејачките структури не прибегнале кон спречување на истражувањето во целина или, пак, истражувањето на конкретна тема, на објавување на добиените податоци, не прибегнале кон казнување на

16 Во прилог се дадени сите истражувачки извештаи поврзани со истражувањето на јавното мислење на кои се повикува трудот, а нивните хард копии можат да се најдат во библиотеката на ИСППИ.

истражувачите, кон прикривање на резултатите или, пак, кон негирање на добиените податоци или направените анализи.

И во текот на изминатите години, Институтот не наишол на поголеми пречки во изведувањето на теренскиот дел на истражувањето. Уште повеќе, дури и кога станува(ло) збор за многу сензибилни теми, граѓаните биле многу волни да го дадат своето мислење и биле многу отворени во критиките и идентификувањето на проблемите со кои се соочуваат.

Меѓутоа, во изминатите години отсуствува интересот на државата за искористување на капацитетите на ИСППИ со цел истражување на јавното мислење и отсуствува било каква поддршка во насока на обезбедување средства за редовна сондажа на јавното мислење. Уште повеќе, во 2015 година за прв пат јавното мислење не е спроведено заради законски пречки за негово изведување (неможност да биде ангажирана анкетарска мрежа заради блокади направени од страна на Министерството за финансии).

Ваквата ситуација е дотолку позагрижувачка во услови кога отсуствуваат широки јавни расправи за политиките и конкретните решенија кои ги носи власта, како и во услови на дестимулирана партиципативност на граѓаните, кога јавното мислење и ставовите и мислењата искажани во рамките на сондажата на јавното мислење имаат исклучително значење и многу видливи последици.

Отсуството на интерес на државата за поддршка на еден ваков проект и искористување на податоците добиени во рамките на сондажата и анализата на јавното мислење, е само по себе загрижувачко и индикативно.

## ТЕМИ

Во севкупниот период на истражување на јавното мислење во ИСППИ, можат да се идентификуваат два најчести начини на спроведување (структуитарање) на истражувањето:

- како систематско истражување на поширока општетсвена област, со акцент на некои специфични теми, но и со можност за споредбена анализа и воспоставување на трендови на развој/назадување;
- како истражување на конкретни теми (со локално или потесно значење), кои се во моментот исклучително актуелни или кои се потребни заради градење на специфични политики и стратегии на конкретен нарачател на истражувањето.

Истражувањето најчесто се прави на примерок од 1100 - 1300 лица (во зависност од бројот на население согласно последниот попис на населението), во рамките на кој се покриени различни етнички заедници, се води грижа за соодветната возрасна застапеност, застапеноста по пол, припадност на политичка партија, место на живеење.

Во истражувањата на јавното мислење, не само што не се избегнуваат прашања кои се однесуваат на актуелно сензибилни теми, а кои се однесуваат на остварувањето на власта, туку, напротив, се инсистира на ваков вид теми и се стимулираат граѓаните да го искажат своето мислење. За остварување на ова, посебно е важна довербата која што се гради меѓу граѓаните и ИСППИ како научна/универзитетска структура, што создава и атмосфера на сигурност во која можат да се добијат релевантни, а не социјално посакувани одговори.

Во различни години и периоди, на површина излегуваат специфични проблеми, конфликтни ситуации или активности за кои се бара мислењето на граѓаните. Меѓутоа, самата сондажа следи и одреден корпус од прашања кои се повторуваат во секој истражувачки циклус, а со цел следење на долгорочниот развој на одредена материја и воочување на развојните трендови и долгорочни импликации на одредени политики. Токму овој елемент на континуитет кој го обезбедува ИСППИ, како дел од Универзитетот “Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, е посебност која овозможува долгорочно следење на одредени процеси, развојно поставување на сондажите и вкрстување на податоците.

Во рамките на првото систематско истражување на јавното мислење спроведено во 1974 година, опфатени се седум области (уставните промени, актуелниот конгрес на СКМ и СКЈ, изборите, стопански прашања, работните односи и вработувањето, животниот стандард, меѓународните односи).

Покрај овие поопшти теми, меѓу темите кои се истражуваат преку сондажата на јавното мислење, на пример, е и прашањето за одговорноста, со посебен осврт на одговорноста за повреда на етичките норми. Само како пример, во 1974 година 39% од граѓаните се изјасниле дека се согласуваат со ставот дека нема доволно одговорност за проневери, нечесно работење, поткуп, ... (посебно кога станува збор за функционери и државни службеници). Граѓаните искажале и многу критички ставови во однос на успешноста на справувањето со прекршувањата на законите, отсуството на соодветно санкционирање и отсуството на последици за тие кои го прекршиле законот.

Во 1978 година, меѓу другите прашања, се издвојува и прашањето поврзано со социјалните разлики. Дури 40% од прашаните се искажале дека социјалните разлики се зголемуваат. Голем број од испитаниците (34%) мислат дека основна причина за овој проблем е зголемувањето на разликата меѓу најниската и највисоката плата. Граѓаните се изкажале дека не се вложуваат доволно напори за адресирање на овој проблем.

Во 1979 година јавното мислење, меѓу другото, се однесува на мислењата и ставовите на граѓаните за критичкиот пристап на медиумите (средствата за јавно информирање) и поставено е прашање: “Колку често критиката изнесена во весниците, радиото и телевизијата помага во надминување на проблемите кои се критикуваат?“. Над 45% од граѓаните одговориле позитивно на ова прашање, наспроти 25 кои се искажале негативно и 2% кои мислат дека воопшто нема критика во медиумите.

Во 1981 се поставени прашања кои се однесуваат на ставовите и мислењата на јавноста, меѓу другото, и за задоволството од службите и установите и услугите

кои граѓаните ги добиваат од нив. Граѓаните го изнесуваат својот став и за митото и корупцијата и во ова истражување над 54% од испитаниците се изјасниле дека, според нив, најважните работи во животот можат да се решат само со пријатели и врски, а над 44% дека митото и корупцијата се многу раширени. Најголем број од граѓаните искажале став дека проблемот на митото и корупцијата може да се реши со построги и поголеми казни. Во однос на можните злоупотреби на функциите од страна на функционерите, 30% од испитаниците искажале мислење дека носителите на јавни функции ја искористуваат функцијата за лични цели, а 40% дека функционерите остануваат неказнети тогаш кога ќе го прекршат законот, затоа што имаат добри врски и никој ништо не им може.

Во 1983 година граѓаните биле прашани за нивното мислење за иницијативата за распишување стабилизационен заем (за кој позитивно се искажале), за избраните функционери (каде што 30% изразиле незадоволство од изборите и изразиле недоверба кон избраните лица), за меѓунационалните односи (кои биле позитивно оценети повеќе од страна на членовите на СК, отколку на оние кои не се членови).

Во 1986 година граѓаните, меѓу другото, биле запрашани за односот меѓу социјалните разлики и привилегиите, а во истражувањето на јавното мислење за 1987 година за нивното мислење во врска со многу конкретен и проблематичен случај - "интервенцијата на милицијата во Вевчани". Во врска со овој настан, граѓаните изразиле спротивно мислење од она дадено во официјалните известувања на надлежните органи. Според податоците, 34% воопшто не ја оправдуваат оваа интервенција, а 20% можат да најдат само делумно оправдување. Според граѓаните, немало соодветно информирање од страна на јавните гласила.

Во истражувањето на јавното мислење во 1988 година се опфатени мислењата за стандардот, за стопанскиот криминалитет, за СК, за национализмот, за штрајковите, за новите општествени движења.

Во истражувањето на јавното мислење во 1988 година изведен е заклучок дека "... во јавноста доаѓа до натамошно смалување на прагот на толерантност за грешките во општествениот развој, дека расте критичноста на масите, луѓето се ослободуваат од митот за непогрешливоста на "Партијата" и на нејзиното раководство и дека се освојува слободата за јавно артикулирање на сопственото мислење и за неговото вклучување во напорите за остварување на општествените промени". Во истото истражување "... како последна капка во преполнетата чаша од незадоволството на членовите на СК денес, кои се одлучуваат да истапат од него, најчесто е сознанието за моралните девијации на некои долгогодишни функционери на СК, односно разочарувањето во луѓето на кои долги години им верувале ...".

Истражувањето на јавното мислење за 1989 година се однесува на "Односот на граѓаните во СР Македонија кон прашањата на општествено-економскиот развој и стопанската реформа во земјата". Во рамките на ова истражување опфатени се 11 теми поврзани со актуелните општествено-политички настани (правна држава, трансформацијата кон повеќепартиски ситем, проблемите на националната хомогенизација, демонстрациите на Албанците, одговорноста за еколошката катастрофа на Дојранското езеро), протестните собири, меѓунационалните односи, односот кон постоечката казнена политика, информирањето, интерперсоналното

комуницирање, објективноста на јавните гласила, барометар на задоволства и користењето на слободното време. Заклучоците кои се изведуваат се критички, го изразуваат незадоволството на граѓаните од одредени политики и се доставуваат директно до владеачките структури со цел постапување по нив.

Во 1989 година, во рамките на истражувањето на јавното мислење, меѓу другите, посебно место имаат прашањата кои се однесуваат на протестните собири чиј број се зголемува и формулирани се заклучоци како: "Масовните протестни собири јавноста ги оценува, пред сè, како социјално мотивиран акт условен од раширената социјална безнадежност на работните луѓе и граѓаните".

Овој краток преглед на различните теми кои биле опфатени со сондажата на јавното мислење во периодот пред осамостојувањето на Република Македонија и промената на политичкиот систем, укажуваат на традиција на истражување на јавното мислење, на градење богата база од податоци за перцепциите, ставовите и мислењата на граѓаните за исклучително важни прашања од политичкиот и секојдневниот живот и посебно во моменти на клучни квалитативни промени во општествените односи.

По осамостојувањето на Македонија, истражувањето на јавното мислење не се изведува на годишно ниво и не е во функција на градење политики, стратегии или одлуки на централно или локално ниво.

Постепено, тоа станува избор на самата институција (дали ќе истражува или не) и со многу мало влијание во процесите на одлучување.

Како истражување на јавното мислење со поширок опфат, за последен пат е спроведено во 1995 и 1998 година (Јавното мислење за општествените и економските реформи во Македонија). Во 1998 година е истражувано Јавното мислење за собраниските избори.

Истражувањето на јавното мислење кое се изведува во годините по осамостојувањето на Република Македонија и промената на политичкиот систем, се обработуваат потесни (поединиечни) области и теми од интерес за нарачателите на сондажите на јавното мислење стануваат: реформите во јавната администрација и социјалните и економски реформи, локалните избори во 2000-та година, одделни кампањи кои се водат во државата ("Цело е кога има се", "Биди за"), за полицијата, корупцијата, ...

## ЦЕЛ

Од почетокот на изведувањето на истражувањето на јавното мислење тоа има неколку цели (теориско-истражувачки и апликативни).

Од теориско-истражувачки аспект, истражувањето на јавното мислење уште од самиот почеток е насочено кон развој на најсоодветна методологија која ќе овозможи достап до голем број индивидуи и ќе обезбеди добивање релевантни податоци за перцепциите, мислењата и ставовите на граѓани од најразлични социјални, општетствени, образовни групи, со различни стилови на живеење, различни

политички, идеолошки и филозофски определби, различни уверувања, различна етничка припадност... Врз основа на кумулираните сопствени искуства и искуствата во истражувањето на јавното мислење во други држави, изграден е специфиучен пристап кој го подига нивото на веродостојност на собраните податоци и дава можност за сериозни стручни и научни анализи, односно, изведување на научно базирани заклучоци и препораки.

Од апликативен аспект, истражувањето на јавното мислење е насочено кон обезбедувањето неколку цели.

Прво, тоа е можност граѓаните да го кажат своето мислење за актуелни, значајни теми, кои имаат влијание врз нивните животи.

Второ, тоа е начин владеачката структура да го слушне мислењето на граѓаните и да ја сообрази политиката која ја гради со искажаните потреби, интереси на граѓаните.

Трето, тоа е начин на контрола над власта. Имено, со искажувањето на незадоволството од одредени политики/акции на власта и/или со поддршката на политики и акции со поинаква содржина од оние кои се спроведуваат, граѓаните ги поставуваат рамките на делувањето на власта и ја трасираат насоката на натамошниот развој.

Само како пример, во 1984/85 година актуелно е прашањето за одговорноста во врска со пропаѓањето на проектот ФЕНИ (проект базиран на ветувања за големи промени, економски просперитет и вработување на голем број луѓе, кој набрзо пропаѓа). Проектот претставен како “грандиозен извозно ориентиран објект“, а кој се потпира врз неверодостојни податоци и манипулација на јавноста, претставува проблем за кој се бара мислењето на јавноста (со цел да се димензионира одговорноста, но и да се спречи ваква инвестиција во иднина). 81,5% од јавноста се искажала за нужно испитување и истерување до крај на одговорноста на сите оние кои се поврзани со овој проект. Според најголем број од граѓаните “случајот ФЕНИ не е завршен сѐ додека не се расчисти и прашањето за одговорноста“. Овој став понатаму се рефлектира врз практичното водење.

Или, на пример, во 1986 година се води широка расправа за позитивните и негативните аспекти од отворањето на нуклеарни електрани во Република Македонија. Дискусиите се водат околу економските, еколошките, безбедносните, но и политички аспекти на еден ваков потег. Токму јавното мислење искажано од страна на граѓаните кои остро се спротиставуваат на идејата (75% се против изградба на нуклеарни централи), го поместува тежиштето во насока на отфрлање или одлагање на оваа можност.

По осамостојувањето во голема мера е запоставен развојот на методологијата во истражувањето на јавното мислење и, посебно, отсуствува компарацијата на податоците врз основа на систематско следење на одредени области (преку повторување на истоветни или слични батерии со прашања).

## НОВИ ТРЕНДОВИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Во Македонија се прават многу анкети, од различни субјекти и на различни начини.[17] Најголем број од анкетите (кои во повеќе наврати се нарекуваат истражувања на јавното мислење) се спроведуваат од страна на здруженија на граѓани или независни истражувачки центри како дел од проекти поддржани од надворешни донатори.

Нема пракса на барање истражувања на јавното мислење од страна на Владата или некоја друга државна институција/структура пред изработка на стратегии, донесување на акциони планови или одлучување за конкретни нешта кои ги засегаат интересите на граѓаните во потесна заедница.

Во овој контекст, не смее да се мешаат научноста истражување на јавното мислење со телефонски анкети, анкети кои се прават без примена на соодветна методологија, без соодветен примерок и на крај без научна анализа на добиените податоци.

Неофицијалните анкети на гласачите (пробните гласања кои се прават за да се измери расположението на гласачкото тело) и други ненаучни анкети, се базираат на неселективно собирање на мислењата на луѓето, додека одговорната анкета се базира на научен метод на создавање примерок, собирање на податоци и анализа. Во најдобар случај овие анкети успеваат да ги рефлектираат само погледите на оние кои ќе изберат да одговорат (што само по себе зависи од многу фактори). Меѓутоа, ваквите анкети можат лесно да бидат искористени како алатка за спин, од страна на оние кои сакаат да манипулираат со јавното мислење. Вообичаено, овој вид анкети немаат статистичка значајност која се постигнува преку докажани методи за изработка на примерок.

Не секоја анкета претставува научно истражување на јавното мислење. За да биде такво, треба да исполнува одредени услови.

Поставувањето на прашањата бара знаење и посебна вештина со цел да се избегнат двосмислени прашања, нејасни прашања, прашања кои предизвикуваат негативен или позитивен впечаток. Неутралноста на прашањата е исклучително важна.

Може да станува збор за аматерска работа или намерна дисторзија.

Примерокот мора да биде направен по случаен избор. Случаен избор воопшто не значи ненаучен, туку избор кој дава еднаква шанса на секого да биде испитаник во рамките на јавното мислење.

Самото истражување или анкета треба да се направи со адекватен број испитаници со што се намалува грешката на примерокот.

Меѓутоа, најважен елемент во истражувањето на јавното мислење е анализата. Научното истражување на јавното мислење подразбира таков вид анализа која

17 Само како пример: Институт за демократија (https://idscs.org.mk/mk/%D1%98%D0%B0%D0%B2%D0%BD%D0%B0-%D0%BC%D0%B8%D1%81%D0%BB%D0%B5%D1%9A%D0%B5/); МЦМС (https://mcms.mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/lista-na-istrazuvana-i-publikacii/1852-javnoto-mislenje-za-politichkata-kriza-vo-makedonija.html); Агенција за администрација (http://aa.mk/arhiva-9ebadfd0-c631-4766-bbf7-3853c86fb027-ns_article-anketa-za-ispituvanje-na-javnoto-mislenje-za-rabotata-na-agencijata-za-administracija.nspx); Институт за европска политика (https://epi.org.mk/post/13824); Институт за политички истражувања (https://ipis.org.mk/%D0%B8%D1%81%D1%82%D1%80%D0%B0%D0%B6%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B0/), ...

добиените податоци ги става во конкретен контекст, ги поврзува со други (претходни или актуелни) податоци, им дава теориска основа. На овој начин се релативизираат или потенцираат податоците добиени од анкетите, се идентификуваат трендови на развој и се нудат заклучоци кои понатаму можат да бидат искористени во градењето на политики, стратегии и конкретни решенија.

## ЗАКЛУЧОК

Истражувањето на јавното мислење е дел од развојот на партиципативната демократија. Подготвеноста на една владејачка структура да ги базира своите одлуки и да ги гради, односно да ги редуцира политиките/активностите, меѓу другото, и врз основа на податоците за искажаните мислења, перцепции и ставови на граѓаните, сѐ повеќе станува репер за демократичноста на таа владеачка структура.

Напуштањето на партиципативната демократија, централизацијата на процесите на одлучување (кои ја исфрлаат јавната расправа дури и од Собранието), вообичаено го прават истражувањето на јавното мислење небитно (посебно како систематско, научно фундирано и неутрално од аспект на политичките влијанија). Во вакви ситуации истражувањето на јавното мислење останува единствено на ниво на алатка во партиската борба за себепрезентирање и нема никакво суштинско значење во креирањето на политиките насочени кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните.

Неискористувањето на капацитетите на високообразовните и научни установи, кои се финансираат од буџетот на државата во областа на истражувањето на јавното мислење, претставува голем пропуст за сите владеачки структури во Македонија и индицира назадување во развојот на партиципативната демократија.

## BIBLIOGRAPHY

Erikson R., McIver J., Wright G., (1987), State Political Culture and Public Opinion, Science Review Vol. 81, No. 3 (Sep., 1987), pp. 797-814

Burstein P., (2003), The Impact of Public Opinion on Public Policy: A Review and an Agenda, Political Research Quarterly, Volume: 56 issue: 1, page(s): 29-40, March 1, 2003

Ulbig S., (2008), Voice is Not Enough: The Importance of Influence in Political Trust and Policy Assessments, Public Opinion Quarterly, Volume 72, Issue 3, Fall 2008, Pages 523–539

Price V., (2007), History, Philosophy of Public Opinion and Public Opinion Research, https://uk.sagepub.com/sites/default/files/upm-assets/19016_book_item_19016.pdf

The Works of Jeremy Bentham, Volume 9, Constitutional Code, стр. 158

https://www.oxfordreference.com/view/10.1093/oi/authority.20110803100353599

Nabatchi T., Putting the "Public" Back in Public Values Research: Designing Participation to Identify and Respond to Values, Public Administration Review Volume 72, Issue 5, pages 699–708, September/October 2012

Pateman C., (2012). Participatory Democracy Revisited. Perspectives on Politics, 10, pp 7-19. doi:10.1017/S1537592711004877.

World Association for Public Opinion Research (WAPOR), http://wapor.org/constitution/

https://www.gesis.org/fileadmin/upload/SDMwiki/BognerLandrock_Response_Biases_in_Standardised_Surveys.pdf

Bogner K., Landrock U., (2016), Response Biases in Standardised Surveys, GESIS Survey Guidelines. Mannheim, Germany: GESIS – Leibniz Institute for the Social Sciences. doi: 10.15465/gesis-sg_en_016

**Изданија на ИСППИ во кои се содржани истражувањата на јавното мислење**

• ГЛЕДАЧИТЕ ЗА ЕМИСИИТЕ НА ТЕЛЕВИЗИЈА СКОПЈЕ, ИСППИ, 1969

• ГРАЃАНИТЕ НА СКОПЈЕ И ИЗБОРИТЕ ВО 1967 ГОДИНА , ИСППИ, 1969

• ГРАЃАНИТЕ, САМОУПРАВУВАЊЕТО И ПОЛИТИКАТА, ИСППИ, 1971

• ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ ВО СР МАКЕДОНИЈА ВО 1974 и 1975, ИСППИ 1975

• ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ ВО СР МАКЕДОНИЈА ВО 1976 и 1977, ИСППИ, 1977

• ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ ВО СР МАКЕДОНИЈА ВО 1978, ИСППИ, 1979

• ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ ВО СР МАКЕДОНИЈА ВО 1979, ИСППИ, 1980

• ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ ВО СР МАКЕДОНИЈА ВО 1980, ИСППИ, 1981

• ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ ВО СРМ ЗА ЕКОНОМСКАТА СТАБИЛИЗАЦИЈА , ИСППИ, 1981

• ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ ВО СРМ ВО 1981, ИСППИ, 1982

• ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ ВО СРМ ВО 1982, ИСППИ, 1983

• ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ ВО СРМ ВО 1984, ИСППИ, 1985

• ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ ВО СРМ 1986, ИСППИ, 1987

• ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ ВО СРМ ВО 1988, 1989

• ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ ВО СР МАКЕДОНИЈА ВО 1990

• ШТРАЈКОВИТЕ И ОПШТЕСТВЕНИОТ СИСТЕМ, ИСППИ, 1991

• ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ ЗА ОПШТЕСТВЕНИТЕ И ЕКОНОМСКИТЕ РЕФОРМИ ВО МАКЕДОНИЈА, ИСППИ, 1995

• ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ ЗА СОЦИЈАЛНИТЕ И ЕКОНОМСКИТЕ РЕФОРМИ ВО Р. МАКЕДОНИЈА, ИСППИ, 1998

• ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ ЗА КАМПАЊАТА „ЦЕЛО Е КОГА ИМА СЀ“, ИСППИ, 1999

• ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ ЗА ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ, ИСППИ, 1999

• ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ ЗА КАМПАЊАТА „БИДИ ЗА“ , ИСППИ, 2001

• ПОЛИТИЧКОТО ЈАВНО МИСЛЕЊЕ , ИСППИ, 2001

• ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ ЗА ПОЛИЦИЈАТА, ИСППИ, 2004

• ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ ЗА ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈАТА, ИСППИ, 2004

• ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ ЗА ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ , ИСППИ, 2005

• ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ ЗА КОРУПЦИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ИСППИ, 2006

• ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ ЗА ПРОЦЕСОТ НА ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈАТА, ИСППИ, 2006

• ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2012, ИСППИ, 2012

• ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ ЗА СОЦИЈАЛНИТЕ И ЕКОНОМСКИТЕ ПРАШАЊА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ИСППИ, 2015

• ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2014, ИСППИ, 2015

• ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ И ПЕРЦЕПЦИИТЕ НА МАКЕДОНСКИТЕ ГРАЃАНИ ЗА БАРАТЕЛИТЕ НА АЗИЛ И МИГРАНТИТЕ, ИСППИ, 2015